До: Општина Демир Хисар
Адреса: ул. Битолска бр.8
7240 Демир Хисар

БАРАЊЕ

за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на РМ бр.13/06, бр.86/08, бр.6/10, бр.42/14, бр.148/15, бр.55/16 и бр.98/19"), бараме да ни овозможите пристап до одредени информации од јавен карактер за потребите на проектна активност реализирана од страна на [redacted]

[redacted] реализира мерење на индексот на отворени општини, за чие успешно спроведување има потреба од обезбедување на податоци од јавен карактер:

1. Дали предлог-планот на програми за развој за фискалната 2023 година е објавен на веб-страницата на општината? - Ако да, наведете го датумот и линк до објавата на предлог-планот.
2. Дали на веб-страницата на општината може да се најде предлог-буџетот на општината за 2023 година (доставен до Советот на општината)? - Ако да, наведете го линкот до објавата.
3. Дали на веб-страницата на општината е објавен граѓански буџет на општината за 2023 година согласно донесениот буџет? - Ако да, наведете го линкот до објавата.
4. Дали граѓанскиот буџет за 2023 е ажуриран и објавен по изгласување на ребаланс на буџетот? - Ако да, наведете линк до објавата
5. Дали општината користела социјални мрежи за да информира за буџетот во 2023 година?
6. Дали општина користела социјалнимрежи/веб-страница за да добие предлози од граѓаните за буџетот во 2023 година? - Ако да, наведете линк до објавите
7. Дали општина во 2022 година организирала јавна трибина на која граѓаните имале можност да дадат предлози за предлог-буџетот за 2023 година? - Ако да, наведете линк до објавата
8. Дали општината објавила листа на добиени предлози од страна на граѓаните за буџетот за 2023 година на својата веб-страница?- Ако да, наведете линк до објавата
9. Дали општина ги објавила проектите и иницијативите кои дошле од граѓаните и биле внесени во Буџетот за 2023? - Ако да, наведете го линкот до објавата
10. Дали општината го испитувала јавното мислење (спроведувала анкета) за конкретни предлози (проекти) за предлог-буџетот за 2023 година? - Ако да, наведете го времетраењето на анкетата и број на опфатени испитаници
11. Дали општина има пропишани процедури за вклучување на граѓаните во процесот на планирање на буџетот? - Ако да, наведете го линкот до процедурите
12. Дали општина во 2022 организирала средба/и со маргинализирани групи на нејзината територија со цел утврдување на потребите на овие групи и можностите за нивно финансирање со буџетот за 2023 година? - Ако да, наведете го линкот до објавата
13. Дали буџетот на општината за 2023 година содржел програма за финансирање на маргинализирана/и група/и? - Ако да, наведете го името на проектот

14. Дали општината има родово одговорни индикатори во буџетските програми за 2023 година?
15. Дали на веб-страницата на општината е објавен последниот ревизорски извештај на буџетот на општината? - Ако да, наведете линк до објавата
16. Дали општината организирала јавна трибина на која ја претставила завршната сметка, односно реализацијата на буџетот за 2023 година? - Ако да, наведете го линкот до објавата
17. Дали општината го објавила планот за јавни набавки за 2023 година на својата веб-страница? - Ако да, наведете линк до објавата
18. Дали општината објавила извештај за реализација на средствата планирани во тековната и постојана резерва на буџетот за 2023 година, односно ги објавила намените за кои се реализираа овие средства? - Ако да, наведете го линкот до објавата
19. Дали според завршната сметка за 2023 година, општината ги реализирала програмите за финансирање на маргинализираните групи? - Ако да, наведете ја програмата и линк до објавата
20. Дали општината ги објавила проектите кои ги спровела во 2023 година, а се насочени кон надминување на родовите разлики во општината? - Ако да, наведете линк до објавите

**Форма во која се бара информацијата**:

1) увид
2) препис
3) фотокопија
4) електронски запис (пожелно е во word или excel формат)
5) друго __________

**Начин на доставување на информацијата:**

1) по пошта
2) телефон
3) факс
4) е-маил
5) друго __________

**Барател на информацијата:** [redacted]

**Важна напомена: Овие прашања се дел од прашалникот за Отворени општини. Истражувањето трае до 4 Септември 2024, доколку не ни испратите одговор до тогаш, одговорот на барањето нема да го земеме предвид.**

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за слобден пристап до информации од јавен карактер)

Датум: 15.08.2024
Подносител
[redacted]

**Датум:** 21.08.2024

**ДО:** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-764/1, 16.08.2024 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 15.08.2024 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со буџетската транспарентност на Општина Демир Хисар за 2023 година, се уважува.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ја доставува информацијата во врска со буџетската транспарентност на Општина Демир Хисар за 2023 година.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 15.08.2024 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 16.08.2024 година под архивски број 18-746/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација,

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 21.08.2024 година, под бр. 18-764/2.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресури

-ИНФОРМАЦИЈА-

1. Дали предлог-планот на програми за развој за фискалната 2023 година е објавен на веб- страницата на општината? - Ако да, наведете го датумот и линк до објавата на предлог- планот.

**-Не се изработени програми за развој за 2023 година.**

2. Дали на веб-страницата на општината може да се најде предлог-буџетот на општината за 2023 година (доставен до Советот на општината)? - Ако да, наведете го линкот до објавата.

**-ДА**

**https://demirhisar.gov.mk/budhet-i-finansirane/budhetski-dokumenti/budhet/**

3. Дали на веб-страницата на општината е објавен граѓански буџет на општината за 2023 година согласно донесениот буџет? - Ако да, наведете го линкот до објавата.

**-НЕ, прв пат е изработен за 2024 година и е достапен на следниов линк?**

**https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2024/03/graganski_budjet_2024.pdf**

4. Дали граѓанскиот буџет за 2023 е ажуриран и објавен по изгласување на ребаланс на буџетот? - Ако да, наведете линк до објавата

**-НЕ**

5. Дали општината користела социјални мрежи за да информира за буџетот во 2023 година?

**-ДА**

https://demirhisar.gov.mk/predlog-budhet-na-opshtina-demir-hisar-z/

6. Дали општина користела социјалнимрежи/веб-страница за да добие предлози од граѓаните за буџетот во 2023 година? - Ако да, наведете линк до објавите

**-ДА**

**https://demirhisar.gov.mk/soopshtenie-javen-povik-2/**

7. Дали општина во 2022 година организирала јавна трибина на која граѓаните имале можност да дадат предлози за предлог-буџетот за 2023 година? - Ако да, наведете линк до објавата

**-ДА**

**https://demirhisar.gov.mk/forum-za-utvrduvane-na-prioriteti-za-rabotata-na-lokalniot-ekonomsk0-soczijalen-sovet-na-opshtina-demir-hisar-za-2023-godina/**

8. Дали општината објавила листа на добиени предлози од страна на граѓаните за буџетот за 2023 година на својата веб-страница?- Ако да, наведете линк до објавата

**-ДА**

**https://demirhisar.gov.mk/prezentirani-aktivnostite-i-realizi-2/**

9. Дали општина ги објавила проектите и иницијативите кои дошле од граѓаните и биле внесени во Буџетот за 2023? - Ако да, наведете го линкот до објавата

**-ДА**

**https://demirhisar.gov.mk/prezentirani-aktivnostite-i-realizi-2/**

**https://www.facebook.com/NVOInfocentar/posts/pfbid0XxHEpwwBYrLQXTNCUkf96ozmQZp5wh7YBVZ27EivMjmK56ffCtPfrNqmCoLixbQzl**

10. Дали општината го испитувала јавното мислење (спроведувала анкета) за конкретни предлози (проекти) за предлог-буџетот за 2023 година? - Ако да, наведете го времетраењето на анкетата и број на опфатени испитаници
**-ДА**
**https://www.facebook.com/NVOInfocentar/posts/pfbid02LJACymqCk1uCe3WwNy8REEcp1AqxATiFznNPc8U9KDHeGcRtuPe1xMCTwHz5XHsAl**

11. Дали општина има пропишани процедури за вклучување на граѓаните во процесот на планирање на буџетот? - Ако да, наведете го линкот до процедурите
**-Нема конкретна процедура, се организираат јавни настани во таа област потоа конкретни предлози доаѓаат од месните заедници и сите останати заинтересирани граѓани.**
**https://www.facebook.com/NVOInfocentar/posts/pfbid02UCx89BUQpfkptApnvKC5gxTbJpp5mCnuo2WTMVHwtL3BMMW1CpbWYzP7gvu4DGDTl**

12. Дали општина во 2022 организирала средба/и со маргинализирани групи на нејзината територија со цел утврдување на потребите на овие групи и можностите за нивно финансирање со буџетот за 2023 година? - Ако да, наведете го линкот до објавата
**-НЕ**

13. Дали буџетот на општината за 2023 година содржел програма за финансирање на маргинализирана/и група/и? - Ако да, наведете го името на проектот
**-НЕ, немаме таква пракса, доколку некоја општина има таков пример, би го имплементирале соодветно.**

14. Дали општината има родово одговорни индикатори во буџетските програми за 2023година?
**НЕ, немаме таква пракса, доколку некоја општина има таков пример, би го имплементирале соодветно.**

15. Дали на веб-страницата на општината е објавен последниот ревизорски извештај на буџетот на општината? - Ако да, наведете линк до објавата
**-НЕ, согласно Годишниот план за работење на одделението за ревизија во план е таа постапка да се спроведе во наредниот период.**

16. Дали општината организирала јавна трибина на која ја претставила завршната сметка, односно реализацијата на буџетот за 2023 година? - Ако да, наведете го линкот до објавата
**-НЕ, но завршната сметка е објавена на интернет страницата на општината и е достапна на следниов линк:**

**https://demirhisar.gov.mk/budhet-i-finansirane/budhetski-dokumenti/zavrshni-smetki/**

17. Дали општината го објавила планот за јавни набавки за 2023 година на својата веб-
страница? - Ако да, наведете линк до објавата
**-ДА**

**https://demirhisar.gov.mk/budhet-i-finansirane/javni-nabavki/planirani-nabavki/**

18. Дали општината објавила извештај за реализација на средствата планирани во тековната и постојана резерва на буџетот за 2023 година, односно ги објавила намените за кои се реализираа овие средства? - Ако да, наведете го линкот до објавата
**НЕ, немаме таква пракса, доколку некоја општина има таков пример, би го имплементирале соодветно.**

19. Дали според завршната сметка за 2023 година, општината ги реализирала програмите за финансирање на маргинализираните групи? - Ако да, наведете ја програмата и линк до објавата
**НЕ, немаме таква пракса, доколку некоја општина има таков пример, би го имплементирале соодветно.**

20. Дали општината ги објавила проектите кои ги спровела во 2023 година, а се насочени кон надминување на родовите разлики во општината? - Ако да, наведете линк до објавите
**НЕ, немаме таква пракса, доколку некоја општина има таков пример, би го имплементирале соодветно.**

**По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер**
**Игор Дамјаноски, раководител на одделение за управување со човечки ресурси**

**--------------------------------------**